АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

| Примено: | 28.06.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3048 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на неделниот весник „Јени Балкан Хафтал'к Билтен" и на месечниот весник „Јени Балкан",

2.2. Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на неделниот весник „Заман" и на магазинот „Заман шќип" и

2.3. Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на магазинот „Шења".

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданието од 18 јуни 2018 година на неделниот весник „Јени Балкан Хафтал'к Билтен" бр.18;
- изданието за месец мај 2018 година на месечниот весник „Јени Балкан" бр.684;
- изданието од 19-25 јуни 2018 година на неделниот весник „Заман" бр.1145;
- изданието за месец јуни 2018 година на магазинот „Заман шќип" бр.150 и
- изданието за месец јуни 2018 година на магазинот „Шења" бр.86.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 28 јуни 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во*

*согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

**5. Констатации од надзорот:**

5.1. Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми **е во целост исполнета кај три печатени медиуми**, и тоа кај изданието за месец мај 2018 година на месечниот весник „Јени Балкан" бр.684, изданието за месец јуни 2018 година на магазинот „Заман шќип" бр.150 и изданието за месец јуни 2018 година на магазинот „Шења" бр.86.

5.2. Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми **е само делумно исполнета кај два печатени медиуми**, и тоа кај неделните весници „Јени Балкан Хафтал'к Билтен" бр.18 и „Заман" бр.1145. И кај двата медиуми не се објавени податоците за бројот на печатени примероци.

Предлог – мерките за издавачите на овие печатени медиуми се дадени во посебните извештаи кои се доставуваат во прилог на овој извештај.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***